| | | |
|---|---|---|
| MACEDONIAN FISHING FEDERATION<br>Add: Bulevar "Koco Racin" 75 Skopje<br>Republika Makedonija<br>Tel./fax: +389 2 31 64 539<br>E.mail: contact@mrf1952.mk<br>Website: www.mrf1952.mk | | МАКЕДОНСКА РИБОЛОВНА ФЕДЕРАЦИЈА<br>Адреса: Бул. " Кочо Рацин" 75<br>Скопје, Република Македонија<br>Тел/факс: +389 2 31 64 539<br>E.mail: contact@mrf1952.mk<br>Website: www.mrf1952.mk |


# ДЕЛОВНИК

за работа на редовна годишна седница на Собранието на Македонската Риболовна Федерација

Член 1

Собранието го сочинуваат претставници (делегати) од сите здруженија, членки на Македонска Риболовна Федерација, со уредно доставено полномошно од своето матично здружение.

Член 2

Собранието може да работи и полноважно одлучува ако на истото присуствуваат повеќе од 1/2 (една половина) од вкупниот број претставници (делегати).

Член 3

На Собранието присуствуваат и членовите на Управниот одбор и претседателот на Надзорниот одбор на МРФ и немаат право со гласање да се произнесат по поднесените предлози, освен ако не се делегирани преку своите матичните здруженија со уредно доставено полномошно.

Член 4

Собранието ја започнува својата работа со отворање на Собранието и повикување на верификационата комисија од последното одржано Собрание, која треба да утврди дали присутните претставници (делегати) го исполнуваат кворумот за работа и полноважно одлучување од член 2 од овој Предлог Деловник.

Член 5

Откако верификационата комисија, по разгледување на пристигнатите полномоштва, утврди дека се исправни и дека има кворум за работа и полноважно одлучување, на Собранието му предлага да отпочне со работа.

Член 6

По усвојување на дневниот ред Собранието усвојува Деловник за работа и избира:

- работно претседателство од 3 (три) члена (Претседател на Собранието и 2 (два) члена);
- записничар и 2 (двајца) оверувачи на записникот.

Член 7

Секој претставник (делегат), со уредно полномоштво, има право да дискутира, да поднесува предлози и да гласа по дадените предлози.

Член 8

Времетраењето на дискусијата на секој дискутант се ограничува на 5 (пет) минути.

Член 9

Седницата ја води претседателот на Собранието. Тој дава и одзема збор на присутните делегати.

Претседателот на Собранието има право да одземе збор на делегат доколку процени дека истиот се оддалечува од темата, го надминува времето предвидено за дискусија или се однесува непримерно и во својата дискусија користи несоодветни зборови кои имаат навредлива содржина.

Член 10

За сите дадени (формулирани) предлози се произнесуваат учесниците (делегатите) на Собранието со гласање.

Гласањето е јавно, со кревање рака и пребројување на гласовите.

Член 11

На гласање прво се става изворниот предлог на Претседателството, а потоа редоследно останатите предлози.

Доколку се усвои еден предлог за останатите не се гласа.

Член 12

Предлогот се смета за усвоен ако за истиот гласа мнозинството од вкупниот број на присутните делегати ( 1/2+ 1 ).

Член 13

Делегатите се должни да се придржуваат на одредбите од овој Деловник.

Во спротивно работното претседателство се овластува да изрекува мерки од типот на опомена, укор па и отстранување на делегат од седницата доколку не се придржува на Деловникот или ја попречува работата на Собранието.

Скопје, 15.12.2024

БИСТРО !!!

Претседател на УО
Филип Серафимовиќ с.р.